С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е

З А П И С Н И К

Од ПЕДЕСЕТ И ТРЕТАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 27.05.2021 година

СКОПЈЕ, ЈУНИ 2021 ГОДИНА

З А П И С Н И К

Од Педесет и третата седница на
Советот на Општина Гази Баба,
Одржана на 27.05.2021 година

Седницата започна во **12:05 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и претставник од средствата за јавно информирање.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следниот предлог за **дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, бр.09-2056/2 од 27.05.2021 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

8. Предлог - Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2021 година.

Во расправата по предлогот за дополнување на предложениот дневен ред учествуваа: Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија"), Дијана Илиевска (коалиција "За подобра Македонија"), Елизабета Стојменова (коалиција "За подобра Македонија"), Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ), м-р Живко Белчев (коалиција "За подобра Македонија"), Сашко Цветковски (коалиција предводена од СДСМ), Благе Данев (коалиција "За подобра Македонија"), и д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија").

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката "8" беше ставен на гласање и усвоен со **22 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "8" е составен дел на предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **23 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за втората половина од 2020 година;
2. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за финансиско учество за изградба, реконструкција и одржување на дел од булевар "Александар Македонски" со улица "Пролетна Офанзива";
3. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2021 година;
4. Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година;
5. Предлог - Одлука за прием и отстапување на донација и давање на дополнителна согласност на склучен договор за донација;
6. Предлог - Одлука за стекнување статус на "објект во состав на ЈУДГ "25 Мај - Општина Гази Баба - Скопје", и определување на име на објектот во состав на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, во населено место Стајковци;
7. Предлог - Правилник за утврдување на постапка за определување на надоместок за работа на комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање; и
8. Предлог - Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2021 година.

ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за втората половина од 2020 година.

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.05.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за втората половина од 2020 година, со **12 гласа "ЗА" и 11 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за финансиско учество за изградба, реконструкција и одржување на дел од булевар "Александар Македонски" со улица "Пролетна Офанзива".

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина за финансии и буџет - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.05.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор,

го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за финансиско учество за изградба, реконструкција и одржување на дел од булевар "Александар Македонски" со улица "Пролетна Офанзива", со **12 гласа "ЗА" и 11 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2021 година.

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај и од седницата одржана на 27.05.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2021 година, со **12 гласа "ЗА" и 11 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, со **12 гласа "ЗА", 10 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прием и отстапување на донација и давање на дополнителна согласност на склучен договор за донација.

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.05.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прием и отстапување на донација и давање на дополнителна согласност на склучен договор за донација, со **23 гласа "ЗА"**.

ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за стекнување статус на "објект во

состав на ЈУДГ "25 Мај - Општина Гази Баба - Скопје", и определување на име на објектот во состав на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, во населено место Стајковци.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за стекнување статус на "објект во состав на ЈУДГ "25 Мај - Општина Гази Баба - Скопје", и определување на име на објектот во состав на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, во населено место Стајковци, со **23 гласа "ЗА"**.

СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Правилник за утврдување на постапка за определување на надоместок за работа на комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за утврдување на постапка за определување на надоместок за работа на комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање, со **23 гласа "ЗА"**.

ОСМА ТОЧКА: Предлог - Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата (со измените во текстот) ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2021 година, со **12 гласа "ЗА", 5 гласа "ПРОТИВ" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Педесет и третата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **16:05 часот**.

Број 09-2396/3
од 28.06.2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Тони Бојковски

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот